**Обраќање на министерот за одбрана Владо Мисајловски по повод прием на артилериска батерија со шест хаубици 105mm, BORAN**

18 јули 2025 – Касарна „Мирче Ацев“ – Прилеп

Почитуван премиер Мицкоски,
Почитуван началник на Генералштабот, генерал Лафчиски,
Почитуван амбасадор,
Почитувани генерали и почитувани пратеници,
Почитуван градоначалник,
Почитувани присутни,
Почитувани претставници на медиумите добредојдовте,

Безбедноста е столбот на една нација. Едноставно кажано без безбедност, нема просперитет, нема економски напредок. Затоа инвестираме и ќе продолжиме да инвестираме во македонската Армија која се гради континуирано, со секој изминат ден. За тоа му благодарам на премиерот и на целата Влада за нивната безрезервна поддршка во овие процеси.
Благодарност за премиерот за Буџетот на министерството што е најголем историски во овие 30 години и на историско ниво вложуваме во модернизацијата. Тоа е нешто што треба сите да го гледаме во иднина бидејќи издвојуваме над 30% за модернизација во Армијата е нешто што многу земји не можат да го постигнат. Затоа премиере ви благодарам од името на целата Армија, од министерството бидејќи со вакви проекти можеме да видиме дека ќе бидеме блиску до НАТО стандардите. Им благодарам уште еднаш и на пратениците, на целата Влада што ни даваат можност сега во овој момент но во иднина уште повеќе да вложуваме средства за Армијата и за модернизацијата.

Ние во Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата сме максимално посветени во градењето на македонските одбранбени капацитети, кои значат силна, подготвена и опремена Армија, секогаш подготвена да одговори на потребите на граѓаните и на безбедноста на државата.

Доказот за тоа го гледаме и тука денеска, пред сите нас.

Оваа нова опрема која што е дел од вооружувањето на артилерискиот баталјон, артилериска батерија со 6 хаубици BORAN, влијае на сериозно зголемување на борбената готовност на Армијата и нејзината способност да ја гарантира безбедноста на Македонија и сигурноста на македонските граѓани. Оваа опрема е произведена во Турција согласно највисоките НАТО стандарди. Набавката на оваа воена опрема преку договорот Влада со Влада упатува една јасна порака, дека ние имаме огромна доверба во високиот квалитет на производите од турската воено-наменска индустрија.

Јас сакам директно да се заблагодарам и на амбасадорот на Турција бидејќи еве во изминатата година договоривме многу, многу работи заеднички и посебно во делот на донациите. Како што

може да видите еве тука пред нас се преку 130 шатори што се донирани директно од државата Турција, но исто така преку 3.900 комплети на борбена униформа пристигна, која исто така е донација од Турција, договоривме и дополнителни снајпери од Турција, договоривме исто така да стигнат чизми од Турција, што навистина сме благодарни и за новите возила што ги договараме, комплет поддршка директно од Турција, затоа ви благодарам амбасадоре, ви благодарам и на министерот на одбрана на Турција и на сите вас што имаме исклучително добра и одлична би рекол соработка. И уште еднаш од името на Армијата и на министерството ви благодарам многу.

Армиските капацитети ги градиме самостојно, но и со искрена посветеност и поддршка од нашите сојузници, а особено наши докажан партнер и сојузник, е Турција – земја со која имаме исклучително развиена одбранбена и воена соработка. Несомнен пример за тоа се многубројните донации што ги спомнав кои нѐ направија и посилни и поопремени.

Затоа можеме да кажеме – Македонија е респектабилен сојузник кој дава сериозен придонес кон зацврстувањето на колективната одбрана на Алијансата, а нашите армиски припадници со гордост и достоинство стојат рамо до рамо со своите колеги од останатите сојузнички Армии.

Јa користам оваа прилика повторно искажам искрена благодарност до Република Турција, до амбасадорот Фатих Улусој и одбранбеното аташе полковник Реџаи Јилмаз и сите досегашни инволвирани лица од Турција, за севкупната поддршка која ни ја дава во развојот на армиските капацитети. Благодарам и за вашата отвореност и подготвеност да ни помогнете секогаш кога е најпотребно – при различни природни катастрофи и несреќи. Бидете сигурни дека таа посветеност е обострана и дека како и досега, и во иднина македонската Армија е подготвена да помогне – без задршка и без двоумење исто така и кон вас.

Уште еден пример за нашата меѓусебна посветеност е договорот за воена соработка кој минатиот октомври го потпишавме со министерот за национална одбрана г. Јашар Гулер. И овој договор вклучува повеќе суштински области на соработка – зајакнување на одбранбените капацитети, заедничко учество на вежби, соработка во делот на воената обука и образованието, размената на искуства и персонал за професионален развој и многу повеќе.

Сето ова дава јасен сигнал дека ние во континуитет вложуваме во развој на нашите одбранбени ресурси, а со тоа и директно влијаеме на безбедноста на нашите држави и на поширокиот регион. Нашата соработка ја развиваме и преку заедничкото учество во мировните операции и операциите за хуманитарна помош и искажуваме подготвеност за развој во воената индустрија.

Почитувани,
инвестирањето во развојот на армиските капацитети ќе продолжи да се реализира со засилено темпо затоа што само така можеме да гарантираме дека сето она што го имаме денеска, нашите слободи, нашите вредности, ќе бидат наша реалност и во иднина.

Ви благодарам на сите и на крај сакам да се заблагодарам на НГШ, на сите генерали, на сите припадници на Армијата, на тимот што во министерството и во ГШ работеа на овој проект да биде денеска реалност.

Благодарам на сите, да сте живи и здрави.